Република Северна Македонија
Republika e Maqedonisë së Veriut
Национална установа НАЦИОНАЛНА ОПЕРА И БАЛЕТ
Institucioni Nacional-OPERA DHE BALETI NACIONAL
Бр.-Nr. 01-545/3
22.07.2021 год.-viti
Скопје-Shkup

Врз основа на член 17 став (7) од Законот за вработени во јавниот сектор („Службен весник на Република Македонија" бр.27/2014, 199/2014, 27/2016, 35/2018, 198/2018 и „Службен весник на Република Северна Македонија" бр. 143/2019 и 14/2020), и член 28 став (2) точка 5 од Законот културата("Службен весник на Република Македонија" бр. 31/1998; 49/2003; 82/2005; 24/2007; 116/2010; 47/2011; 51/2011; 136/2012; 23/2013; 187/2013,44/2014, 61/15, 154/15, 39/16, 11/2018), директорот на Националната установа Национална опера и балет, донесе

**ПРАВИЛНИК**
**за изменување и дополнување на Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет**

## I. ОСНОВНИ ОДРЕДБИ

Член 1

Со овој правилник се вршат измени и дополнувања во Правилникот за систематизација на работните места во Националната установа Национална опера и балет, со архивски број 01-1685/3 од 27.08.2020 година, 01-1685/4 од 14.09.2020 година, 01-1685/5 од 20.11.2021 и 01-545/1 од 22.02.2021 година.

Член 2

Во членот 6 став (1), работни места на административни службеници, во ниво В2, работното место од точка 2, виш соработник за административни, општи и правни работи се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 2. | Виш соработник за човечки ресурси | 1 | 1 |

Член 3

Во членот 6 став (2), категорија А – уметници, во Ниво А1, се намалува бројот на работни места од 4 на „3", и работното место под точка 4. „Друг уметник првенец-солист во оркестар" се брише:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Друг уметник првенец-солист во оркестар | 1 | 0 |

Член 4

Во членот 6 став (2), категорија А – уметници, во Ниво А3, работното место подточка 2. „Истакнат оперски солист" се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 2. | Истакнат оперски солист | 9 | 9 |

Член 5

Во членот 6 став (2), категорија А – уметници, во Ниво А6, во точка 6. хористи, делот број на извршители се менува и гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 5. | Хористи | 80 | 76 |

Член 6

Во членот 6 став (2), категорија Б – уметнички соработници за подготвување на сценски и музичко сценски дела, во ниво Б2, се зголемува бројот на работни места од 3 на „4", и се додава ново работно место кое гласи:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 4. | Костимограф-асистент | 1 | 0 |

Член 7

Во членот 6 став (2), категорија Г – стручни соработници во дејности од областа на културата, во Ниво Г3, во делот број на извршители, бројот 15 се заменува со бројот 9, а следните работни места се бришат:

| Р.бр. | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|
| 9. | Соработник за меѓународна соработка | 1 | 0 |
| 11. | Друг соработник – одговорен на единица за светло | 2 | 0 |
| 12. | Друг соработник – одговорен на единица за тон и видео | 1 | 0 |
| 13. | Друг соработник одговорен на единица за шминка, перики и маскирање | 1 | 0 |
| 14. | Друг соработник – одговорен машински техничар | 1 | 0 |
| 15. | Друг соработник – одговорен електроничар | 1 | 0 |

Член 8

Во членот 6 став (3), работни места на помошно – техничките лица, во делот број на изршители, бројот 48 се заменувасо бројот 39 и следните работни места се бришат:

| Р.бр. | Подгрупа /ниво | Назив на работно место | Број на извршители | Пополнети |
|---|---|---|---|---|
| 1. | 01 А01 | Машински техничар – ракувач на сцена | 2 | 0 |
| 2. | 01 А01 | Електроничар – ракувач на сцена | 3 | 0 |
| 3. | 01 А02 | Друг одговорен сценски работник кројач/шивач | 2 | 0 |
| 4. | 01 А02 | Друг одговорен сценски работник (за изработка на шапки) | 1 | 0 |
| 5. | 01 А02 | Друг одговорен сценски работник (за одржување и боење костими) | 1 | 0 |

| | | | | |
|---|---|---|---|---|
| 6. | 01 A02 | Друг одговорен сценски работник (за фризури и перики) | 1 | 0 |
| 10. | 01 А01 | Машински техничар (за општо одржување) | 2 | 0 |
| 17. | 01 А01 | Електричар | 4 | 0 |
| 25. | 03 А01 | Возач | 2 | 0 |

Член 9

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 4, помлад соработник за информатичка технологија, шифрата на работното место се менува и гласи: „КУЛ0102В04004".
Делот одговара пред, се менува и гласи: Раководителот за ИТ поддршка.

Член 10

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 13. магационер, шифра КУЛ0401Б02004, во делот одговара пред, зборовите „за сметководство"се бришат.

Член 11

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 15, возач, шифра КУЛ 04А01001, се брише.

Член 12

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 12, самостоен референт материјален книговодител со ликвидатура, шифра КУЛ0102Г01002, делот вид на образование се менува и гласи „средно образование".

Член 13

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 19, виш соработник за административни, општи и правни работи, шифра КУЛ0102В02002, се брише.

Член 14

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место со реден број 22. советник за човечки ресурси, шифра КУЛ0102В01010, се додава работното место:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 22.а КУЛ 01 02 В02 010 |
| Звање на работно место | Виш соработник за човечки ресурси |
| Назив на работно место | Виш соработник за човечки ресурси |
| Ниво | В2 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Правни науки, Образование, Психологија |
| Други посебни услови | / |
| Работни цели | Ефикасно, ефективно и квалитетно извршување на работи и работни задачи кои придонесуваат за остварување на програмата за работа и задачи од делокругот на одделот |
| Работни задачи | - врши административни работи од надлежност на одделот, |

| | |
|---|---|
| | - ги следи и применува прописите од областа во која што работи,<br>- учествува во оценувањето на административни службеници,<br>- врши стручно-административни, статистички, кадровски и други работи од административна природа,<br>- учествува во подготовка на материјали кои содржат предлози на нацрти на прописи и акти, стручни анализи на прашања од значење за примената на законодавството од областа која ја покрива,<br>- дава стручна помош, совети и врши менторство на административни службеници. |
| Одговара пред | Раководителот на одделение |

Член 15

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 24, шифра КУЛ 0304Г03008, назив соработник за меѓународна соработка, се брише.

Член 16

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место со реден број 24.а помлад соработник технички секретар-за изработка на програма за работа, шифрата на работното место, се менува и гласи: „КУЛ0102В04005“.

Член 17

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 41, шифра КУЛ 03 04 А01001, назив истакнат оперски солист, во делот број на извршители, бројот 8, се заменува со бројот „9“.

Член 18

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 44, шифра КУЛ 03 04 А01005, назив друг уметник првенец – солист во оркестар, се брише.

Член 19

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 87, шифра КУЛ 03 04 А06003, назив хорист, во делот број на извршители, бројот 84, се заменува со бројот „80“.

Член 20

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 99, шифра КУЛ 03 04 Г02010, назив друг стручен соработник во културата - раководител на одделение за маркетинг и односи со јавност, во делот работни цели, се брише зборот „друг“.

Член 21

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 109, шифра КУЛ 03 04 В01 001, назив помошник раководител одговорен за костимирање, деловите работни цели и работни задачи, се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| Работни цели | Раководење со процесот на работа од делокругот на костимирање |
| Работни задачи | - непосредно му помага на раководителот на секторот сценска техника во |

| | |
|---|---|
| | работи од својот делокруг,<br>- го следи и координира процесот на изработка на костими,<br>- го предава скицираниот материјал од сите претстави во одделот за документација,<br>- води грижа за одржувањето и употребата на костимската опрема и гардеробниот фундус,<br>- ја надзира работата во врска со маскирањето на уметниците,<br>- го координира работниот процес помеѓу работните единици,<br>- врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите за кои е одговорен,<br>- учествува во изработка на тендерска документација од делокругот на работите за кои е надлежен. |

Член 22

Во табеларниот приказ на работни места, по работното место со реден број 109, шифра КУЛ 03 04 В01 001, назив помошник раководител одговорен за костимирање, се додава ново работно место 109.а, кое гласи:

| | |
|---|---|
| Реден број и шифра | 109.а КУЛ 03 04 Б02 003 |
| Звање на работно место | Костимограф - асистент |
| Назив на работно место | Костимограф - асистент |
| Ниво | Б02 |
| Број на извршители | 1 |
| Вид на образование | Ликовна уметност |
| Други посебни услови | |
| Работни цели | Асистирање и поддршка во изработката на костимографската опрема |
| Работни задачи | - врши приспособување на постоечки костимографски решенија<br>- подготвува разработени цртежи за костими<br>- ја следи изработката на костимската опрема<br>- дава дополнителни упатства и објасненија за изработката<br>- врши прегледи на изработените костими пред напуштање на работилниците. |
| Одговара пред | Помошник раководител одговорен за костимирање |

Член 23

Во табеларниот приказ на работни места, кај работното место под реден број 109, шифра КУЛ 03 04 В01 001, назив помошник раководител одговорен за ППЗ и безбедност, хигиена и општо одржување, деловите работни цели и работни задачи, се менуваат и гласат:

| | |
|---|---|
| Работни цели | Раководење со процесот на работа од делокругот на противпожарната заштита и безбедност, хигиена и општо одржување |
| Работни задачи | - непосредно му помага на раководителот на секторот сценска техника во работи од својот делокруг, |

| | |
|---|---|
| | - ги води работите од областа на безбедноста и здравјето при работа<br>- учествува во изработката на годишниот план за работа<br>- изготвува и поднесува документација за повреда при работа<br>- се грижи за навремено испитување на опремата којашто подлежи на периодични прегледи<br><br>- ги организира и координира дејностите на установата во врска со одбраната, управувањето со кризи и заштита и спасувањеги планира потребните резервни делови, редовните и вонредните ремонти<br>- ги документира настанатите дефекти и преземените мерки за нивно отстранување со вградениот материјал<br>- врши непосредна контрола и надзор над извршувањето на работите за кои е одговорен,<br>- учествува во изработка на тендерска документација од делокругот на работите за кои е надлежен. |

Член 24

Во табеларниот приказ на работни места, во работното место под реден број 112. шифра КУЛ0304Г02010, се менува називот и гласи: друг стручен соработник во културата .

Член 25

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 119, шифра КУЛ 03 04 Г03 015, назив друг соработник во културата – одговорен машински техничар, се брише.

Член 26

Во табеларниот приказ на работни места, работното место под реден број 120, шифра КУЛ 04 01 А01003, назив машински техничар-ракувач на сцена, се брише.

Член 27

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 121, шифра КУЛ 03 04 Г03 015, назив друг соработник во културата – одговорен електроничар, се брише.

Член 28

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 122, шифра КУЛ 04 05 А01 009, назив – електроничар ракувач на сцена, се брише.

Член 29

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 123, шифра КУЛ 03 04 Г03 005, назив соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура - одговорен на единица за светло, се брише.

Член 30

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 126, шифра КУЛ 03 04 Г03 005, назив соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура - одговорен на единица за тон и видео, се брише.

Член 31

Во табеларниот приказ на работните места, кај работното место под реден број 133.а, шифра КУЛ 04 01 А02 005, назив одговорен тапетар, делот одговара пред се менува и гласи: Раководителот на сценска техника.

Член 32

Во табеларниот приказ на работните места, кај работното место под реден број 133, шифра КУЛ 04 01 А03 005, назив тапетар, делот одговара пред се менува и гласи: одговорен тапетар.

Член 33

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 134, шифра КУЛ 04 01 А02 007, назив друг одговорен сценски работник (кројач/шивач), се брише.

Член 34

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 137, шифра КУЛ 04 01 А02 007, назив друг одговорен сценски работник (за изработка на шапки), се брише.

Член 35

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 138, шифра КУЛ 03 04 Г03 005, назив соработник за визуелни уметности, дизајн и архитектура - одговорен за шминка, перики и маскирање, се брише.

Член 36

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 139, шифра КУЛ 04 01 А02 007, назив друг одговорен сценски работник - одговорен работник за фризури и перики, се брише.

Член 37

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 143, шифра КУЛ 04 01 А02 007, назив друг одговорен сценски работник (за одржување и боење на костими), се брише.

Член 38

Во табеларниот приказ на работните места, работното место под реден број 148, шифра КУЛ 04 01 А01 003, назив машински техничар за општо одржување, се брише.

Член 39

Овој правилник влегува во сила од денот на донесувањето, а ќе се применува по добиената согласност од Управниот одбор и Министерството за информатичко општество и администрација.

Директор
м-р Васо Ристов